тодор ж. стојановски

ви претставува

# НОВАТА ПРОЅИРНОСТ НА ЧУДНАТА ЦРВЕНА И ЛУЃЕТО

# ФРАГМЕНТИ 1993-95

Полињата на очајот
чудни и тивки..
околу едно..
околу него..
луѓе
газат и гледаат...
а...
малата утка
на ноќта.

Чуден е градот ноќе
звукот...
плива...
на старите куќи
и крилјата...
го голтаат градот
мирисот на ноќта
мирисот на веќе
мртвиот цвет.

Населба
местото каде живеат луѓето

не е...
не е...
нема...
нема...
линиите се бели
парче небо
уште еден дел...
црвен.
уште еден
небото е меѓу
бетонските блокови
на час
го држев
нејзиното срце.
...
тишина.
ги брануваа очите
на последните.

Стаклено око
во земјата на чудата

некаде
некаде
страните на светот
во
чуден прстен
постојат
нивните сенки
се проѕирни
милион години
нежно
позади нивните зборови.

Затворени
покрај...
позади...
нема ништо...
...
и
нивните очи
се склопени.

Ова утро
белите полиња
ги бојат
немоќно
мртвите лисја
одат
прекрасно обликувани
над бесконечно
синото небо.

## Непотполн приказ

ноќ
и
краевите
зеленожолто светат
боја
боја
боја
...
солзите
се дел.

## Плачот на гората

од никаде
чудни слики
и име
од утринскиот мраз
повторно
безброј самовили
низ дрвјата
...
пролет е.
...
гората сега...
остана
црниот камен
од последните солзи.

## Чудни слики

темна ноќ
ги голта
северниот ветар
тишина.
во очите...
златото...
...
врева...
под сјајот...
белиот череп...
на ѕидовите
слики
неговата душа.
...
чуден зрак...
од окото
солза...
нејзините очи
и нежно
површината
во неговиот череп.

## Во сенката на месечината

ноќ е
меѓу...
црните кули...
нечии очи.
златните порти
се заклучени
а клучот
е на ѕидот.
под месечината
црвените факли.

Беше некогаш
ѕвездите
во брановите.
беше крајот
надвор
од синилото.

Утро
ѕвездите
исчезнуваат
на денот
на шарените
акробати...
го заробуваат
градот
и неколку
луѓе...

Чудно
беше
облачна ноќ
и
ѕвездите
беа далеку
кога
циркузантите
го растураа
големиот шатор.

Тивките
чекори
се губеа
во мирисот
на загадената
река
кога
циркузантите
го растураа
големиот шатор.

Нечии
црни очи
тонеа
во
одразот на
проѕирните огледала
кога
циркузантите
го растураа
големиот шатор.

Единствено
една солза
гледаше
како
шарените циркузанти
полека
исчезнуваат
позади
сонцето.

Циркусот на Месечината

## Вовед

можеби...
можеби...
можеби...
можеби...
често е цвет
некогаш е...
секогаш е...
тоа е само почетокот...
момент на храброст
момент на желба
желба...
таа е овде
не е ништо друго
збир на корења и мисли
и леи со темјанушки
и понекое тропско дрво.
...
и клупа
стара дрвена клупа.
...
почетокот...
од клупата се гледа
а крајот...
некои велат
некои велат
некои велат
нема крај. нема крај.
некои не велат
ништо.

Стара куќа
во круг наредени камења
на брегот
грда слика
пронижаа бел врат.
гледаше немо
кон небото полета
белата сенка.
последен поглед
и солза воздухот
го топи.
тој виде
месецот ги склопи очите...
во езерото.

Утро е.
чекорат без
чекорат со
во утринскиот снег
како првите траги
во утринскиот снег
ќе остане
само
месечевиот свод.

Под месечевиот свод
се гледаат
од градината
но еден ден
те мразам.
потемнеа.
другиот ден
те љубам.
се разбудија
на ветерот
ветерот северен.
ветерот јужен.
молчи...
најдалечната ѕвезда.

Бела ноќ
чуден звук
чуден лик
немир
солза
мрамор.

Јаболкниците
ги кријат...
вековите.
ги покрива
полињата
омразата и болката.
ги покрива
студот...
...
лесно е
да се биде сам
во градината.

## Завршеток

во тој момент
одлетаа птиците
чекорите
лисјата под чевлите
и месецот
молчат
оваа ноќ.

НОВАТА САТ КУЛА

## предговор

Замислете човек, а потоа замислете човек со мува на носот на кого рацете му се заврзани. Замислете го во соба полна со луѓе кои го набљудуваат секој негов израз. Сосема доволен е условот луѓето во таа соба да ја добијат својата потребна доза од грда пластичност и чувство на социјална припадност во толпата, но каде е потребниот услов за таквата одреденост. Точно на кожата на нашата модерна скулптура. За што се работи ако не за неговото палто со боја на небото. Верувањето во небото е над се. Таму се ѕвездите. Овој заврзан човек често се прашува каде одат ѕвездите преку денот и зошто се враќаат повторно ноќе. Има слушнато дека ѕвездите се постојано тука, дури и кога е денот најсветол, но тој не верува во таа приказна зошто знае дека тој е овде и е многу далеку од нив.

Замислете човек што седи, човек кој постојано седи. Нека има син шешир со пердув од некоја птица која припаѓа на некој загрозен вид, нека се само неколку такви птици. Зошто е важна таа птица. Нејзиниот череп е талисман и е закачен околу вратот на човекот кој седи. Неговата работа е чудна. Тој е убиец на ангели. Кога ќе се напие црно вино од тој магичен талисман тој ја добива таа моќ. Ги убива со бронзен меч и строго по нарачка. Неговиот меч е веќе доволно крвав и на него му е многу досадно, но неговиот фах е редовно полн и тој секое утро се присеќава на неговото проклетство, да сонува. Да сонува за сонот. Тој е еден од тие луѓе кои постојано седат на клупите во градските паркови и се восхитуваат на хармонијата на

преминот обликувана низ тенок слој на некој тропски мов.

Замислете човек, замислете човек од новото време, замислете само еден негов дел, замислете глава, замислете дел од главата, замислете капа, замислете дел од капата, замислете го неделивиот дел од капата, замислете атом.

Добар ден, имајте пријатен ден и пријатен живот.

четврток 25 јануари 1996

## слика 1
## СОБА

Соба, две столици, маса, радио-приемник, прозор. На двете столици седат. Радиото е вклучено. На масата е вообичаениот релјеф, неколку стаклени предмети и порцелански слончиња. Прозорот е затворен, но стаклата се совршено чисти и јасно се разликуваат буквите од позадината. Блага светлина.

Максимилијан: (седи) Како што веќе ти кажав, денес е тој ден, чувствувам.

Норијана: (седи до него) Добар ден.

Максимилијан: Како не, како не. (зема едно слонче) Сега го купив, немавме црвено, сите се или бели или имаат некоја бледа боја.

Норијана: Ти дадоа ли купон со него.

Максимилијан: Аха, и го пратив веќе. Ми дадоа и попуст, луѓево се се почудни.

Норијана: Гледај ти чудо, тоа е уште еден знак. Но, сакаш кока-кола, да прославиме за тоа што ќе е.

Максимилијан: О.К. Зошто да не.

Норијана: (става кока-кола во две чаши и му дава една)

Максимилијан: (пие) Единствено чувство. Знаеш кога бев да го купам слончето видов еден човек како собира полжави во паркот. Му реков дека не е убаво да јадат работи од така загадено место, а тој ми кажа приказна. Приказна за животот на два полжави и еден црв. Живееле тие тука во градот...

Норијана: Стој. Вестите започнуваат.

Радиото: Вести. Во светот е во тек голема организирана акција на чистење на парковите од снегот кој го покри зеленилото кое така пријатно влијае на шетачите. Нивото на природни катастрофи

ја постигна својата најмала вредност во минатиот квартал. Вести од земјата. Нивото на културната твор добива постојана вредност која е само за пофалба. Нашиот град го потврди своето учество во глобалната акција со еден одред од Второто основно училиште и со два одреда од Третата и Петата гимназија. Спорт. Нашиот шампион освои 342 круга на третиот натпревар и резултатот сега е 2 : 1. Тоа беа вестите, а сега добитниците на нашата најголема наградна игра. (пауза) Добитници се Максимилијан и Норијана од Седматата улица. Вашите награди ќе ги подигнете во Амбасадата на Вашингтоновата улица утре точно во 7:00 часот. Со нашата игра вашите соништа го губат својството на сон. Бидете свои и слободни. Нашата адреса е Прва улица бб.

Максимилијан: Ти реков, денес е денот. Ден за прослава.

Норијана: Не знаев дека црвената боја може да ни донесе среќа, секогаш мислев дека таа е одвратна боја.

Максимилијан: Црвената е боја на љубовта.

Норијана: Навистина.

Максимилијан: Навистина.

Норијана: Добар ден.

Максимилијан: Добар ден.

Норијана: (пие кока-кола) Навистина го чувствувам тој мирис. Така е блиску.

Максимилијан: (наздравуваат) Да сме живи и здрави, за многу години.

Норијана: (повторува) За многу години.

Максимилијан: Толку работи се променија, но остана тоа чувство на исполнетост.

Норијана: Среќата ја носат овие мали порцелански творби. Замисли го светот без овие фигурички. (тажно) Би бил одвратно место, долина на жалостите.

Максимилијан: Да наздравиме за малите фигури.

Норијана: Да наздравиме за слончињата.

Максимилијан: Така е градов убав денес.

Норијана: Добар ден.

<u>слика 1</u>

## ЗБОРОВИ

Соба, две столици, маса, радио-приемник, прозор. На двете столици седат. Радиото е вклучено. На масата е вообичаениот релјеф, неколку стаклени предмети и порцелански слончиња. Прозорот е затворен, но стаклата се совршено чисти и јасно се разликуваат буквите од позадината. Блага светлина.

Максимилијан: Добар ден.

Норијана: Слушај...

Максимилијан: Што да...

Норијана: Слушај, славеј.

Максимилијан: Не, не е тоа славеј, тоа е канарката на соседите. Тоа пиле со бел глас што постојано пее.

Норијана: Ја познавам нејзината песна. Тоа не беше нејзината песна, тоа е песна на славеј.

Максимилијан: Можеби старата канарка научила нешто ново.

Норијана: Таа не може да научи ништо ново.

Максимилијан: Можеби е тоа второто чудо денес, старата канарка го сменила својот репертоар.

Норијана: Престана да пее.

Максимилијан: Навистина.

Норијана: Аха.

Максимилијан: Оваа слика е прекрасна. Ќе ја понесеме со нас.

Норијана: Ќе го понесеме и чајникот.

Максимилијан: И радиото.

Норијана: И мојот сламен шешир.

Максимилијан: Се разбира.

Норијана: За новото.

Максимилијан: За новото. (наздравуваат)

Норијана: Немам зборови.

Максимилијан: Знаеш, тие пилиња навистина се пргави.

Норијана: Кои, канариите.

Максимилијан: Аха. Тоа е суштество чие битие е во совршена хармонија со тоа што е низ градот. Да појдеме од нивниот дом.

Норијана: Кафез.

Максимилијан: Домот е оглед на сигурноста. Кафезот како градба во архитектурата не постои, но можеме да го класифицираме во обични градби.

Норијана: Што потоа.

Максимилијан: Пердув.

Норијана: Недостаток на критичка квинтесенција. Од биолошко стојалиште гледано баналност на птичјиот организам.

Максимилијан: Во својата надворешност сосема закржлавен орган.

Норијана: Глас.

Максимилијан: Самата суштина на канарското е.

Норијана: Заклучок.

Максимилијан: Точно. Има две толкувања. Првото е во споредба со човечкото око и грутка прав. Канаријата и окото. Во приказната окото натежнало. Според тоа може совршено да се одреди

тежината на една канарија, помеѓу едно око и грст прав. Систематизирано тоа би изгледало некако вака, канарија, око, прав, според неприсутност на тежина. Интересна градба. Второто е логичен извод. Се поаѓа од двете први претпоставки, со логична обмисла гласот се јавува како средина на претпоставките. Според се гласот е во својата идеја љубов, интелектуална љубов кон природата односно кон нејзината вештачка форма, домот.

Норијана: Совршено, но сепак канаријата има оглед во водата.

Максимилијан: Можеби, но сега е прашањето што е над што. Како што гледаш...(наздравува) За убаво.

Норијана: За тоа.

Максимилијан: (пијат кока-кола) Далеку сме од ѕвездите.

Норијана: Што е канарија без глас.

Максимилијан: Жолт врабец.

Норијана: Точно, но е жолт. Жолти врапци не постојат.

Максимилијан: Но кога би постоеле и би научиле да пеат би биле канарии.

Норијана: Сепак канариите се жолти и знаат да пеат.

Максимилијан: Точно е сепак канарија и глас се исто што и глас и канарија.

Норијана: Комуникативниот закон е основен во природата.

Максимилијан: Точно.

Норијана: Канариите имаат прекрасен ритуал кога слават. Тие имаат една песна и таа постојано ја пеат.

Максимилијан: И нашите порцелански слончиња слават. Денес блескаат.

Норијана: Нивниот живот е сличен на канариите. Тие се направени од земја и се вечни.

Максимилијан: Како и патоказите.

Норијана: Жолтите табли со милион стрелки.

Максимилијан: И на сините.

Норијана: Патишта.

Максимилијан: Како стариот клошар што велеше, таму е патот.

Норијана: Таму е...

Максимилијан: Денот.

Норијана: Тој ден.

Максимилијан: Денес.

Норијана: Навистина е тоа интересно, но сепак правот не е најтешка работа на светот.

Максимилијан: Можеби не е, тоа е сепак најтешката работа на која можам да се присетам.

Норијана: Имам само еден збор.

Максимилијан: Кој.

Норијана: Булдожер.

Максимилијан: Дали е навистина потежок.

Норијана: Сосема едноставна е таа поставка. Гласот на булдожерот е претежок за кутрата мала поразена канарија.

Максимилијан: Има одредена поента во тоа. Да речеме да го прескокнеме окото и се занимаваме со споредба на правот и еден булдожер.

Норијана: Има една планина која не е ништо друго него ли голем куп на прав кој се таложи со векови. Потребни се неколку моменти и правот ќе се предаде на тежината на одот на булдожерот. Планината ќе биде воздух.

Максимилијан: Да, но гледајќи на тоа од човечката страна човекот е сепак најтежок, бидејќи тој управува со булдожерот.

Норијана: Тоа е субјективно. Нема потреба од човек. Булдожерот е дел од урбаната природа, него го буди сонцето.

Максимилијан: Сонцето не заоѓа.

Норијана: Тоа ги радува сите. Помисли на сјајот на слончињата без сонцето.

Максимилијан: Помисли на градот.

Норијана: На градските паркови.

## <u>слика 2</u>
## БРАТОТ НА ПТИЦАТА

Соба, две столици, маса, радио-приемник, прозор. На двете столици седат. Радиото е вклучено. На масата е вообичаениот релјеф, неколку стаклени предмети и порцелански слончиња. Прозорот е затворен, но стаклата се совршено чисти и јасно се разликуваат буквите од позадината. Блага светлина.

Максимилијан: Таму луѓето спијат кога небото е ведро.

Норијана: Тоа е место каде пристапот е строго забранет, место за одмор.

Максимилијан: Легендата вели братот на птицата загинал на тоа место.

Норијана: Тоа е легенда. Човекот не лета.

Максимилијан: Лета.

Норијана: Ако се земе во предвид структурата на човекот потребни се крилја со големина преку 30 метри и широчина од 5 метри и неверојатна сила која ќе ги помрдне тие органи. Невозможно е човекот да полета.

Максимилијан: Може, човекот постигнува состојба на неверојатна леснотија. (вади цигара и ја пали) Човекот станува дим. (и ја дава цигарата) Состојба која се постигнува со забранети работи. Размислување или...

Норијана: (цигарата постојано кружи меѓу нивните четири раце) Сепак не лета.

Максимилијан: Тоа е само нечиј став кој се јавува како мит низ времето. Како вселенските бродови на пример. Луѓето мислат дека марсовците ќе дојдат со летечки чинии. Прво, тие не се марсовци зошто на Марс нема живот. Може да се зборува за нивната идеја како вонземјани. Второ, зошто со летечки чинии.

Норијана: Тие се совршена аеродинамична градба.

Максимилијан: Да, но психолошки одвратна. Замисли вонземјаните да пристигнат со комплекс на изглед на храна.

Норијана: Психологијата на ликот е релативна.

Максимилијан: Можеби, ако пристигнат вонземјани со летечка коцка само ќе ги збунат луѓето.

Норијана: Но нема вонземјани.

Максимилијан: Точно, но јас зборувам за животот на астрономите и нивната опсесија за стигнување до вистината.

Норијана: Кутри души, се молат на ѕвездите за светот.

Максимилијан: Тие зборуваат со нив, а ѕвездите молчат.

Норијана: Еден вид на невозвратена апстрактна љубов.

Максимилијан: Тие знаат дека ќе полетаат кон ѕвездите.

Норијана: Никогаш.

Максимилијан: Тие ја имаат откриено таа идеја за вонземјаните дека ќе дојдат со летечки чинии. Совршен некритицизам.

Норијана: Сите веруваат во тоа.

Максимилијан: Сите веруваат дека човекот не може да лета.

Норијана: Не верувам ни јас.

Максимилијан: Човекот е полесен од правот, а правот лета.

Норијана: Тоа е комплексот наречен братот на птицата. Тешка мисловна болест која е строго забранета. Човекот не може да лета. Забрането е и пушењето.

Максимилијан: Само црвите и полжавите не можат да летаат. Тие летаат само во митовите.

Норијана: Далеку од сега, далеку од овде.

Максимилијан: Утре.

Норијана: За вечното.

Максимилијан: Стара е легендата.

Норијана: Како човекот да полета.

Максимилијан: Аха.

Норијана: Бил еднаш еден...

Максимилијан: Крал.

Норијана: Крал.

Максимилијан: Да, крал. Неговото кралство било на самиот крај на светот. Имал се. Благосостојба и радост. Неговото царство извезувало темјанушки со невиден мирис и убавина. Неговиот дворец бил изграден од камен истовремено проѕирен и сјаен. Кога заоѓало сонцето дворецот осветлен од месецот бил патоказ на изгубените

патници. Но еден ден светлината исчезнала. Кралот бил многу тажен. Во дворецот завладеала тишина. Гласот за несреќата се проширил низ земјата. Третиот ден на портите зачукал стариот гатач кој живеел во горада. Тој му ја раскажал приказната за еден крал. Бил еднаш еден крал. Неговото кралство било на самиот крај на светот. Имал се. Благосостојба и радост. Неговото царство извезувало темјанушки со невиден мирис и убавина. Неговиот дворец бил изграден од камен истовремено проѕирен и сјаен. Кога заоѓало сонцето дворецот осветлен од месецот бил патоказ на изгубените патници. Но еден ден светлината исчезнала. Кралот бил многу тажен. Во дворецот завладеала тишина. Гласот за несреќата се проширил низ земјата. Третиот ден на вратата зачукал стариот гатач кој живеел во горада. Тој му кажал за ѕвездата и како таа била заробена во највисоката купола на стаклениот дворец. Му ја покажал ѕвездата на небото. И му раскажал приказна, приказна за еден среќен крал. Неговото кралство било на самиот крај на светот. Имал се. Благосостојба и радост. Неговото царство извезувало темјанушки со невиден мирис и убавина. Неговиот дворец бил изграден од камен истовремено проѕирен и сјаен. Кога заоѓало сонцето дворецот осветлен од месецот бил патоказ на изгубените патници. Дворецот засјаел со посилна светлина. Кралот чие лице немало израз се насмеал. Го запрашал гатачот каде е тајната на патот до ѕвездите. Тој само го земал својот златник и му рекол дека нема тајна.

Норијана: Луцидноста и патетичноста во приказните често ги разнежнуваат луѓето. Тие само

го убиваат критичкиот однос кон експресивноста на умотворбата.

Максимилијан: Точно.

Норијана: Но денес не е ден за безделничење.

Максимилијан: Сосема е лудо некој да помисли дека луѓето можат навистина да летаат.

Норијана: И правот завршува на земјата.

Максимилијан: Мислев на стариот клошар со кој вчера се видов. Знаеш тој верува во ѕвездите, ги брои. До сега има изброено точно 1264723 ѕвезди, а вели дека уште пола небо му останало.

Норијана: Ѕвездите се раѓаат секој миг.

## слика 3
## ПОСЛЕДНАТА ПАРТИЈА ШАХ

Соба, две столици, маса, радио-приемник, прозор. На двете столици седат. Радиото е вклучено. На масата е вообичаениот релјеф, неколку стаклени предмети и порцелански слончиња. Прозорот е затворен, но стаклата се совршено чисти и јасно се разликуваат буквите од позадината. Блага светлина.

Максимилијан: Дали си за партија шах.

Норијана: Зошто да не.

Максимилијан: (од под маса вади шах и ги местат фигурите) Јас сум со црни.

Норијана: Јас сум прва. (запишува) д2-д4.

Максимилијан: Одговор. (запишува) д5-д7.

Норијана: Дамин гамбит, ц2-ц4.

Максимилијан: Даминиот гамбит е одбиен, е7-е6.

Норијана: Коњ б1-ц3.

Максимилијан: г8-ф6.

Норијана: Ловец на г5, ц1-г5.

Максимилијан: Коњ на д7. б8-д7.

Норијана: е2-е3.
Максимилијан: Ловец на е7, ф8-е7.
Норијана: Коњ на ф3, г1-ф3.
Максимилијан: Мала рокада.
Норијана: Топ на ц1, а1-ц1.
Максимилијан: а7-а6.
Норијана: а2-а3.
Максимилијан: х7-х6.
Норијана: Ловецот се повлекува, г5-х4.
Максимилијан: Пешакот зема, д5-ц4.
Норијана: Ловец на ц4, ф1-ц4.
Максимилијан: б7-б5.
Норијана: Ловец на е2, ц4-е2.
Максимилијан: ц8-б7.
Норијана: Мала рокада.
Максимилијан: ц7-ц5.
Норијана: Пешакот зема на ц5, д4-ц5.
Максимилијан: д7-ц5.
Норијана: Коњ на д4, ф3-д4.
Максимилијан: Топ на ц8, а8-ц8.
Норијана: б2-б4.
Максимилијан: ц5-д7.
Норијана: Ловец на г3, х4-г3.
Максимилијан: д7-б6.
Норијана: Дама на б3, д1-б3.
Максимилијан: ф6-д5.
Норијана: Ловец на ф3, е2-ф3.
Максимилијан: ц8-ц4.
Норијана: Коњ на е4, ц3-е4.
Максимилјан: д8-ц8.
Норијана: Топот зема на ц4, ц1-ц4.
Максимилијан: б6-ц4.
Норијана: Топ на ц1, ф1-ц1.
Максимилијан: ц8-а8.

Норијана: Коњ на ц3, е4-ц3.
Максимилијан: ф8-ц8.
Норијана: Коњот зема на д5, ц3-д5.
Максимилијан: б7-д5.
Норијана: Ловецот зема на д5, ф3-д5.
Максимилијан: Дамата зема, а8-д5.
Норијана: а3-а4.
Максимилијан: е7-ф6.
Норијана: Коњ на ф3, д4-ф3.
Максимилијан: ф6-б2.
Норијана: Топот на д1, ц1-д1.
Максимилијан: ц8-д8.
Норијана: Пешакот зема на б5, а4-б5.
Максимилијан: а6-б5.
Норијана: х2-х3.
Максимилијан: е6-е5.
Норијана: Топ на б1, е1-б1.
Максимилијан: е5-е4.
Норијана: Коњ на д4, ф3-д4.
Максимилијан: б2-д4.
Норијана: Топ на д1, б1-д1.
Максимилијан: ц4-е3. Реми.
Норијана: Реми.

8 февруари 1996

# ЕДЕН СРЕБРЕН ДОЛАР

## предговор

Младиот човек потскокна, тоа се проклетите вирови што ги прават дождовиве. Од една стреа до друга, вистинска бркотница во неговите панталони. Уште еден скок, но гледај го тој шарен велосипедист, како прскалка за вода е. Сега младиот човек е нервозен и мокар. Во себе повторува исти зборови, да нема нос луѓето би помислиле огромен сив папагал и тоа на слобода.

Расеаноста на младиот човек е плод на сегашноста, тој верува во тогаш, таму и каде. Верува без причина, верува со страст. Тој е совесен млад човек, секое утро се буди во различно време и започнува со вежбите, телесни и вербални. Тој знае напамет се и се гордее на неговото теоретско знаење. Тој е едно од урбаните божества. Кога тој чекори луѓето ги следат неговите траги во асфалтот.

Зборувајќи за асфалтот. Никој не остава траги на него, затоа и е толку омилен. Едно мало дете копајќи низ асфалтот пронајде внатре мумифициран град. Мала населба на овдешните мравки. Нивното цивилизациско ниво го достигнува највисото можно ниво. Низ сите гласила се слуша пораката на најеминентниот гатач на модерните години и назад:

"Мравките ќе ни ја дадат тајната, слушајте ги тие се совршени"

На луѓето во почетокот им беше тешко да се навикнат на летањето, но нивната огромна љубов и здравиот разум победија. Смело покорувајќи се на компромисните одредувања на бројниот непријател тие го продадоа светот. Својот сребрен долар сега го чуваат некаде далеку одовде. Тој е бесценетоста на нивниот живот, нивната слаткоречивост. Тој е вистина.

Денот е ден сега, збир на мамурни лица, храна и мамурни лица, а меѓу нив постојат попладневниот сон и ужината.

Еден сребрен долар.

28 март 1996

## <u>слика 1</u>
## ДЕНОТ

Слика без хоризонт. За да се опишат нејзините рамки се потребни само неколку зборови. Таа е место каде не живеат ни птици, ни црви. Таа е место под сонцето. Нејзиниот крај е нејзиниот почеток, таа е сега, таа е тука. А тука се четири фигури опсипани со блага светлина. Благо светло, само пар свеќи.

Доаѓа денот.

Првата фигура: (станува и ги гасне свеќите, другите се будат)

Седнуваат во круг. Денот е јасен.

Првата фигура: (на втората) Јас не сум ти.

Втората фигура: (на третата) Јас не сум ти.

Третата фигура: (на четвртата) Јас не сум ти.

Четвртата фигура: (на првата) Јас не сум ти.

Првата фигура: (на втората) Јас не сум ти.

Втората фигура: (на третата) Јас не сум ти.

Третата фигура: (на четвртата) Јас не сум ти.

Четвртата фигура: (на првата) Јас не сум ти.

Првата фигура: (на втората) Јас не сум ти.

Втората фигура: (на третата) Јас не сум ти.

Третата фигура: (на четвртата) Јас не сум ти.

Четвртата фигура: (на првата) Јас не сум ти.

Утринската гимнастика е заборавена. Таа се користела за зајакнување на човечката фигура. Сега постои зборот, сега слаткоречивоста е на цена. Со денот и луѓето започнуваат да се потсетуваат на нивното потекло, дел од новото постмодерно битие.

Утро.

Монологот на првата фигура:

што е животот?
Како да се живее,

сега и овде,
да се живее чесно,
народот вели
живеј скромно,
никогаш да не се живее пребогато
никогаш да не се живее пресиромашно,
тој што ќе живее пребогато
ќе е проколнат од сите,
тој што ќе живее пресиромашно
ќе е проколнат од себе,
сега,
живејте, живејте чесно,
не крадете, не лажете, не убивајте,
не ја газете тревата,
во овој момент,
вие сте зрнце прав,
дел од прашината над градот,
вие сте чисто зрнце прав.
Така и вечернава приказна започнува.
Тоа е приказна за човекот,
човекот кој живее во картонска кутија во паркот.
Тој го виде едно утро
отсјајот на сонцето во стаклениот камен на еден прстен.
Тоа беше пластичен прстен што некое девојче го загубило
шетајќи се во паркот.
На човекот му се допадна тој зелен прстен со виолетов камен,
но тој човек не знаеше дека тој прстен е волшебен.
Тој ден тој прв пат во животот огладне.
По неколку моменти тој имаше се што можеше да замисли.
Беше среќен.

Едно утро се разбуди повторно во паркот, имаше
само
еден сребрен долар
и умираше.
што е животот?
Како да се живее,
сега и овде,
да се живее чесно.
Монологот на втората фигура:
што е животот?
Како да се живее,
сега и овде,
да се живее чесно,
народот вели
живеј скромно,
никогаш да не се живее пребогато
никогаш да не се живее пресиромашно,
тој што ќе живее пребогато
ќе е проколнат од сите,
тој што ќе живее пресиромашно
ќе е проколнат од себе,
сега,
живејте, живејте чесно,
не крадете, не лажете, не убивајте,
не ја газете тревата,
во овој момент,
вие сте зрнце прав,
дел од прашината над градот,
вие сте чисто зрнце прав.
Така и вечернава приказна започнува.
Тоа е приказна за човекот,
човекот кој живее во картонска кутија во паркот.
Тој го виде едно утро
отсјајот на сонцето во стаклениот камен на еден
прстен.

Тоа беше пластичен прстен што некое девојче го загубило
шетајќи се во паркот.
На човекот му се допадна тој зелен прстен со виолетов камен,
но тој човек не знаеше дека тој прстен е волшебен.
Тој ден тој прв пат во животот огладне.
По неколку моменти тој имаше се што можеше да замисли.
Беше среќен.
Едно утро се разбуди повторно во паркот, имаше само
еден сребрен долар
и умираше.
што е животот?
Како да се живее,
сега и овде,
да се живее чесно.
Монологот на третата фигура:
што е животот?
Како да се живее,
сега и овде,
да се живее чесно,
народот вели
живеј скромно,
никогаш да не се живее пребогато
никогаш да не се живее пресиромашно,
тој што ќе живее пребогато
ќе е проколнат од сите,
тој што ќе живее пресиромашно
ќе е проколнат од себе,
сега,
живејте, живејте чесно,
не крадете, не лажете, не убивајте,
не ја газете тревата,

во овој момент,
вие сте зрнце прав,
дел од прашината над градот,
вие сте чисто зрнце прав.
Така и вечернава приказна започнува.
Тоа е приказна за човекот,
човекот кој живее во картонска кутија во паркот.
Тој го виде едно утро
отсјајот на сонцето во стаклениот камен на еден прстен.
Тоа беше пластичен прстен што некое девојче го загубило
шетајќи се во паркот.
На човекот му се допадна тој зелен прстен со виолетов камен,
но тој човек не знаеше дека тој прстен е волшебен.
Тој ден тој прв пат во животот огладне.
По неколку моменти тој имаше се што можеше да замисли.
Беше среќен.
Едно утро се разбуди повторно во паркот, имаше само
еден сребрен долар
и умираше.
што е животот?
Како да се живее,
сега и овде,
да се живее чесно.
Монологот на четвртата фигура:
што е животот?
Како да се живее,
сега и овде,
да се живее чесно,
народот вели
живеј скромно,

никогаш да не се живее пребогато
никогаш да не се живее пресиромашно,
тој што ќе живее пребогато
ќе е проколнат од сите,
тој што ќе живее пресиромашно
ќе е проколнат од себе,
сега,
живејте, живејте чесно,
не крадете, не лажете, не убивајте,
не ја газете тревата,
во овој момент,
вие сте зрнце прав,
дел од прашината над градот,
вие сте чисто зрнце прав.
Така и вечернава приказна започнува.
Тоа е приказна за човекот,
човекот кој живее во картонска кутија во паркот.
Тој го виде едно утро
отсјајот на сонцето во стаклениот камен на еден прстен.
Тоа беше пластичен прстен што некое девојче го загубило
шетајќи се во паркот.
На човекот му се допадна тој зелен прстен со виолетов камен,
но тој човек не знаеше дека тој прстен е волшебен.
Тој ден тој прв пат во животот огладне.
По неколку моменти тој имаше се што можеше да замисли.
Беше среќен.
Едно утро се разбуди повторно во паркот, имаше само
еден сребрен долар
и умираше.
што е животот?

Како да се живее,
сега и овде,
да се живее чесно.
Вечер. Свеќите се палат.

1 април 1996

О Г л Е Д А л А
О Г Л е Д а Л А
О г Л Е д А Л А

есента царува
во едната дланка
половина сонце
и чуден плод
во другата
половина сонце
и чуден плод
погледај
боите си одат
есента царува

септември 96

## ЦРВЕНА СЦЕНА

... (тој ден. И птицата бега. Се чекори тивко, на земјата. Молк и блуткав воздух. Небото се огледува во земјата. Неколку облаци. Неколку солзи. Еден облак се стопи. Тие крилја се толку слаби. А времето е проклето. Гнездо во гранките на питомиот костен. Плодовите се на земјата. Се е кал, кал, кал... Но дали е можно. Небото се урна врз костенот. Млади фиданки и бели цветови)

(местото е проклето)

Човекот: Јас имам оружје. (исплашено) Кој е скриен во ова дрво...

Човекот: Исправи се.

Човекот: (не можејќи да го поднесе чукањето на срцето) Ќе пукам.

(истрел)

(крик)

... (најголемата тишина е веднаш по најголемиот крик)

Човекот: (се обидува да избега, но паѓа во калта) Пливам, пливам.

Човекот: (се исправува) Мислев дека пливам.

Човекот: Јас сонувам. Тоа е прекрасно.

Човекот: (гледа кон стопеното оружје) Сега сум голорак.

Човекот: (кон небото) И гологлав.

Човекот: (кон земјата) И бос.

Човекот: Сонувам и не сум сам.

Човекот: (весело) Тоа си ти. И ти.

(ладен ветрец)

Човекот: Сакав... Но каде се сите.

Човекот: Тишина.

Човекот: Колку е прекрасна земјата.

(седнува)

(ветерот носи фиданка, неколкуте цветови на неа и младата кора)

Човекот: Благодарам.

(го збунија неговото око)

Човекот: Тоа е премногу.

Човекот: Јас...

Човекот: Повеќе не гледам.

Човекот: Тоа е премалку...

... (низ костените тече времето. Самовилите често танцуваат на тој бел камен. Нивните чекори се неговите жили)

# ЦРВЕНА СЦЕНА

... (кристална ноќ)
Човекот: Разбуди се.
Човекот: Разбуди се, мала птицо.
Човекот: Ладно е.
Човекот: Погледни. Сонцето е далеку.
Човекот: Милион чекори оттука е градот.
Човекот: Твоите очи се сини.
Човекот: Разбуди се.
Човекот: Нема облаци.
Човекот: Картата е на небото.
Човекот: Полетај.
Човекот: Тоа е мојот пат.
Човекот: Го заборавам патот. Сеедно...
Човекот: Која ѕвезда плаче.
Човекот: Разбуди се.
Човекот: Разбуди се мала птицо.
... (кристална ноќ)

се рони кристалот
низ очите
низ срцето
се рони кристалот
низ очите
низ срцето
таа ноќ.

## ЦРВЕНА СЦЕНА

... (бескрајноста го бои небото секогаш. Светлина и сиви облаци. Без сон секогаш се чекори. Тивко е. Зелени улици и грст луѓе молчаливи. Прекрасни мали птици. Стој. Небото е бело, а...)

Човекот: (трча) Огромно е полето.

Човекот: Проклета пустина.

Човекот: (трча) Ова дрво го знам.

Човекот: Тука бев порано.

Човекот: (трча) Слобода.

Човекот: Слобода.

Човекот: Слобода.

Човекот: (трча, го бркаат огромни овчарски кучиња) Ааа...

Човекот: Бегај, бегај, бегај.

Човекот: Проклети диви ѕверови.

Човекот: Не слушнале за доминантноста на човековиот разум, тука.

Човекот: (трчајќи вади револвер) Сега пилиња.

Човекот: (истрел) Крајот на патот е тука и сега. (од телото на песот изникнува багрем, расцветува...)

Човекот: Ааа... (ножот на ветерот неговото лице го милува)

Човекот: (истрел) Крајот на патот е тука и сега. (од телото на песот полетува птица, дожд и песнопојката умира...)

Човекот: Ааа... (повторно ножот на ветерот го милува)

Човекот: (истрел) Крајот на патот е тука и сега. (од телото на песот извира поток, поток со сребрени риби...)

Човекот: Ааа... (и ножот на ветерот го милува)

Човекот: (трча) Ова дрво го знам.

Човекот: Вода. (пред него голема река и зелена долина)

Човекот: (трча) Бегај, бегај, бегај.

Човекот: (покрај него претрчува зајак) Аха.

Човекот: (зема лошо иделкано дрво, трча) Дојди зајко.

Човекот: (зајакот застанува) Аах.

Човекот: (со еден удар го убива) Јас сум гладен. (го растргнува и срцето уште чука, во раката на човекот)

Човекот: (збунето) Бев гладен.

Човекот: Сета оваа крв, заситува...

(земјата жедно ја пие крвта на жртвата)

Човекот: Љубов, зар постои толку голема љубов.

Човекот: (трча) Во луѓето.

Човекот: Не, не, не.

Човекот: Сонував лош сон.

Човекот: (трча) Зелена долина и жедна земја.

Човекот: Слобода.

Човекот: Сега е времето.

... (се распрснал кристалот низ небото и ветерот носи мраз)

# ЦРВЕНА СЦЕНА
## епилог

... (на работ на шумата и реката се прикрадува. На лицето носи црвена боја, на градите црвен знак. Во неговото срце дивината е црвена, ледот окулу срцето е бел. И очите се црвени. Бели се неговите раце и копјето на грбот. шумата е зелена. Водата е бистра и рибите стравуваат. Удар. И копјето се храни со душата на прекрасното суштество. Крик и небото заплакува)

Дивјакот: Аааaах...

Дивјакот: (пее и игра над прекрасното суштество на брегот) Се лизга душата низ моите раце.

Дивјакот: Се лизга срцето.

Дивјакот: Сиот грч.

Дивјакот: (ги покрива очите, а ветерот го распрснува последниот поглед на прекрасното суштество во шумата)

Дивјакот: Гледаш, мојата тага.

Дивјакот: Солзите.

Дивјакот: И солзите на небото.

Дивјакот: Боите на моето лице.

Дивјакот: (гледа кон небото) Се разлеваат.

Дивјакот: (од појасот вади нож) Сечилото не е крваво и гладно е.

Дивјакот: (се прободува) Залудно.

Дивјакот: (на кожата остана лузна, а сечилото рѓоса) Проклето модерно време.

Дивјакот: (се прободува неколку пати) Ааах. Залудно се мачам.

Дивјакот: Ја најдов реката на небото.

Дивјакот: (прави колиба од лијани и лисја) Тука ќе преспијам.

(утрото)

Дивјакот: (по рекат пловат човечки органи и хартиени бродови)

Дивјакот: Навистина сум гладен.

Дивјакот: (посегнува кон едно срце, но во неговата рака реката поттури шише со парче хартија, "направи сам") Нека сум проклет.

Дивјакот: (ја закачува схемата на лијанот над неговата глава) Јас не знам.

Дивјакот: (посегнува кон реката) Труп. Навистина е тежок.

Дивјакот: (посегнува повторно кон реката) Лева рака.

Дивјакот: (зафатено) Пар нозе и прстен.

Дивјакот: Јас сум опседнат.

Дивјакот: (трча кон ножот, но тој се престорува во бел прав во неговата рака) Ух.

Дивјакот: (ја гледа схемата и го гледа небото) Благодарам.

Дивјакот: (ги врзува очите и нозете) Така. (но шумот на реката го полудува)

Дивјакот: (пребарува по реката) Уво и дробови, нос, ѓердан.

Дивјакот: Очила за сонце и стари чевли. Тоа е се.

... (на работ на шумата и реката постои колиба и слика на ѕидот. На лицето носи црвена боја, на градите црвен знак. Во неговото срце дивината и ледот се проѕирни капки. Очите се бели. Бели се неговите раце и лебот на трпезата. Водата е бистра и тој сонува)

од небото
се тркалаат солзи
и рибите полетуваат
кон небесните реки
во синилото.

есен 96,97,98 лето.

# ЗЕЛЕНА СЦЕНА
## вовед

Отвори се бела црквo
ти носиме голем бакшиш
голем бакшиш стара душа.

Стара обичаена песна

## ЗЕЛЕНА СЦЕНА

... (бела соба)

Едниот: Ова е лудост.

Еднот: (станува) Вистинска лудост.

Другиот: Колку сум сит.

Едниот: (оди лево-десно) Зборови.

Другиот: Ми недостасува чувството.

Едниот: Вистинска лудост се зборовите.

Другиот: Чувството на топол леб во устата.

Едниот: Зборовите се суви.

Другиот: Ммм... (ги затвара очите) Не се сеќавам.

Едниот: Беспричински нагони, слепило и грдотија на душата.

Другиот: Сакам... (плаче)

Едниот: (свртен е со грб кон другиот) Нешто плаче.

Другиот: Бухууу... (плаче)

Едниот: (го гледа зачудено) Не плачи, ај, не плачи.

Другиот: (го гледа зачудено и плаче)

Едниот: Еве ти леб.

Другиот: (лакомо го јаде)

Едниот: Ситиот човек сака спомени, носи голем стап иоди по жица, но никогаш не паѓа, но...

Другиот: (повраќа)

Едниот: Спомените болат.

Другиот: (се превиткува од болка и повраќа, вика) Те молам.

Другиот: Биди другар.

Едниот: Биди... (се мисли)

Другиот: (вриска) Аaax.

Едниот: Листопадно дрво.

... (започнува да тече крв низ ѕидовите на собата. Од рбетот на другиот избива стебло, на рацете му растат лисја)

Другиот: (вриска) Ааах.

Се продава ноќта
со шарени монистра
во шарени бардаци
се продава ноќта
наточете солза
напијте се
се продава ноќта.

## ЗЕЛЕНА СЦЕНА

... (во белата соба ѕидовите се крвави. Белото дрво речиси го уништи покривот. Од стаклените парчиња на подот се одбива ноќта, а месечината ѕирка низ пукнатините на таванот. Човекот е сериозен. Пред него дрвото старее)

Едниот: (гледа во дрвото, седнува)

Едниот: (вика) Здравооо...

Ехото: Здравооо...

Едниот: (шепоти) Проклет да сум.

Едниот: (плашливо) Да, не сакам ништо.

Едниот: Сит сум и тајните на природата ги познавам.

Едниот: Господарам со ветровите и водите.

Едниот: (дува ветер) Нееe...

Едниот: (продолжува да дува) Своеглавие.

Едниот: (гледа кон дрвото) Среќно дрво, молчи.

Едниот: Зрее.

(од дрвото паѓаат плодови)

Едниот: (посегнува кон чудниот плод. Од плодот излетува птица, но во темнината се удира во ѕидовите...)

Едниот: Не треба да се претерува. (птицата наоѓа пукнатина на таванот и полетува кон месечината. Целата соба се полни со разни птици и ѕверови...)

Едниот: Опколен сум со живот...

... (ѕверовите и птиците стареат, први умираат пеперугите, умираат птиците, умираат и ѕверовите...)

Едниот: Во оваа тишина...

(коските белеат)

Едниот: Се е бело.

Коските се бели
доаѓаат и дождовите
доаѓа и студот
доаѓаат солзите
птиците си одат.

## ЗЕЛЕНА СЦЕНА

... (во белата соба урнати се ѕидовите и дрвото е суво)

Човекот во бело: Морничаво место.

Човекот во зелено: (пали оган)

... (во далечината)

Купете грдости
еден златник
еден ден
втор ден
трет ден
вашите очи се грди
и носот ви е грд
еден златник
купете
еден ден
втор ден
трет ден
зелен човеку
само еден златник
купете
и ќе спиете мирно
под дрвото
во темнината.

## СИНА СЦЕНА

... (разурната бела соба. Дрвото на средината веќе долго време е суво. Мрак. Спијат на земјата под сувото дрво. На исток има облаци)

Грдиот човек: (се буди) Ааах... (се прозева)

Грдиот човек: Бррр... Проклета ладовина.

Грдиот човек: (скока лево-десно) Оп-ха.

Грдиот човек: Се вкочанив.

(од вревата се буди другиот човек и тој се прозева)

Грдиот човек: Се разбуди... Добро е тоа. (чепка во пепелот барајќи жар)

Човекот со пушка: Добро утро.

Грдиот човек: Добро и на тебе, но уште не е утро. (погледнува кон небото) Проклета темнина.

Човекот со пушка: (фрла дрво во распетланото огниште) Ладно, а.

Грдиот човек: Кочан.

Човекот со пушка: (гледа во облаците) Ќе врне.

Грдиот човек: (не можејќи да го врзе чевелот) Аха.

Човекот со пушка: (бара низ огништето жар, наоѓа парче и припалува тутун) Чувствувам ќе врне.

Грдиот човек: (погледнува нагоре) Пред изгрејсонце...

Човекот со пушка: (гледа во небото)

Грдиот човек: Никогаш не врне.

Човекот со пушка: (од гуњчето вади шише) Сакаш ракија.

Грдиот човек: (кисело) Не.

Човекот со пушка: (пие) Ух. Ај земи. Сонцето е заробено во оваа течност, во ова шише...

Грдиот човек: (чепка во огнот)

Човекот со пушка: И храброста...

Грдиот човек: (чепка во оганот)

Човекот со пушка: И животот се смеат.

Грдиот човек: чепка во оганот)

Човекот со пушка: Напиј се.

Грдиот човек: Дај. (пие од шишето)

Грдиот човек: Убава е.

Човекот со пушка: Се разбира. Се знае мајсторот.

Грдиот човек: (погледнува кон небото) Се задржи мајсторот.

Човекот со пушка: (вади леб и сирење) Стар човек се движи полека.

Грдиот човек: (седнува до него)

Човекот со пушка: (му подава леб) Имаш од тие лутите.

Грдиот човек: (бара во торбата и вади две везени пиперки) Повели.

Човекот со пушка: (со полна уста се смешка и чепка во оганот)

Грдиот човек: (јаде со голема сериозност, сечејќи мали парчиња сирење со цепното ноже. Се врти барајќи нешто) На дрвово пораснале печурки ноќеска.

Човекот со пушка: (погледнува кон нив) Или се отровни или не се.

Грдиот човек: Убава слика.

Човекот со пушка: (разнежнето) Ова дрво е самовилско заглавје, а самовилските дланки сеат убавина.

(се отвара една печурка, а од неа полетува ноќна пеперутка)

Човекот со пушка: (со разнежнето лице) Погледни, пеперутка.

Грдиот човек: (се сепнува и престанува да јаде. Го отвара ќесето во бисаѓите, вади златник и го остава под дрвото)

Човекот со пушка: Си станал суеверен.

Човекот со пушка: (јаде) Не бери гајле, носам огнено оружје.

(окулу златникот растат мали сини цветови)

Мајсторот: (од далеку) Ехехеј...

Грдиот човек: (вика) Ехехеј...

Грдиот човек: Еве го иде.

Човекот со пушка: (јаде) Полека, но доаѓа.

Мајсторот: Здраво-живо.

Грдиот човек: Здраво-живо.

Човекот со пушка: Здраво-живо.

Грдиот човек: Повели. Повели.

Мајсторот: (вади од торбата леб и седнува) Благодарам.

(јадат со голема сласт, пополека)

Мајсторот: Откако се вратив, злото ме следи.

Грдиот човек: (погледнува кон него, чекајќи ја новата приказна)

Мајсторот: (завршува со јадењето и припалува тутун од оганот) Луѓето се добро, но во нивните очи се палат злите конци.

Мајсторот: (по мала пауза) Вчера покрај реката размислував и бам...

Мајсторот: (неговото лице гневно се искривува) Некој арамија, мамето мамино, ми ја скрши главата.

Мајсторот: И ми го украде арамијата, ќесето. За што, за еден сребреник. Само да го дознаам.

Грдиот човек: (заинтересирано) Како изгледа бедникот.

Мајсторот: Од грб ми дојде лошото куче, ништо не видов.

Мајсторот: Лошо семе.

Грдиот човек: Зли кучиња.

Човекот со пушка: Мајсторе, една ракија.

Мајсторот: Може.

(топлината на сонцето во шишето го лечи преѓешниот лед во срцето)

Мајсторот: (со восхит) Каков прекрасен прегрст од печурки.

Грдиот човек: Отровни се...

Мајсторот: (прашално) Отровни...

Човекот со пушка: или не се.

Мајсторот: Вистински горски убавици.

Човекот со пушка: (крши една сува гранка од дрвото и ја фрла во оганот. Од скршеницата тече крв, но никого повеќе не го интерсира огништето)

Грдиот човек: Нашата сметка. (го вади ќесето со златници и започнува да брои) Еден, два...

... (играат златниците во неговите раце, играат и во нивните очи)

венее ноќта
во очите
и облаците
молчат
да ја скријат
тагата.

## СИНА СЦЕНА

... (небо. Под небото височинка. На височинката шума)

Мајсторот: (дава знак)

Грдиот човек: (дава знак)

(голема група дрвари тргнуваат кон шумата)

Мајсторот: Секирите се остри и луѓето се одморни.

Грдиот човек: Пред изгрејсонце се да биде готово.

(пауза)

Мајсторот: Небото ќе плаче со векови.

Грдиот човек: Нашите ковачи ги направија железните обрачи.

Мајсторот: (кон калфите) Носете ги.

Мајсторот: (кон тапанарите) Удрете.

Мајсторот: (кон сурлациите) Свирете.

(ѕверовите во шумата умираат)

Мајсторот: (задоволно се смешка)

... (дрварите ги сечат гранките на вековните дрва, а стеблата го осилнуваат со железни обрачи. Во долината огромни стада...)

Грдиот човек: Повели вода.

Мајсторот: (гледа внимателно) Благодарам.

(поминува времето)

Мајсторот: Уште неколку дрва.

Грдиот човек: И стадата се сити.

...(ноќ)

внимавајте
во ноќта
пеат луѓето

беснеат

стравот
злобата
солзите

пеат луѓето
во ноќта
внимавајте.

# СИНА СЦЕНА

Во утрата
белеат страните
во синилото...

небото тагува
земјата тагува
луѓето се жедни
луѓето се гладни
луѓето се бели
луѓето се црни
во огледалата

небото е црно
земјата е црна
земјата е жедна
небото е гладно
во огледалата

небото е сино
земјата е сина
луѓето се бели
луѓето се црни
во огледалата
во огледалата.

## СИНА СЦЕНА
епилог

во огледалата

небото е црно
земјата е сина
небото е сино
земјата е црна

во огледалата.

зима 98

Сонува сладок сон
бесконечен ред
на шарени слатки
низ рацете
големи води
бели води.

Се раѓа сонцето
тој носи бел знак
низ полето жедно
трупови и скршени
сечила
тој носи бел знак
и духовите тагуваат
се раѓа сонцето.

На бел камен
бел змеј
огнот свој го гасне
во бистриот извор
небото се капе
проклето да е
небото
огнот во неговото срце
го пали.

Половина месец
и топол мирис
парче леб
...
суви бадеми и мед
на лицата разлеани
отровни бои
и топол мирис.

Се радуваат стадата
под синилото
се мешаат
радоста и снегот
плаче земјата.

Чудно се вртеа
циркузантите
под студот
чудно се вртеа
циркузантите
во солзите
чудно се вртеа
циркузантите
а очите
и слухот
чудно.

Добредојдовте
во земјата на свилата
во земјата
на свилените буби
во земјата
на црното
црвјино потомство
добредојдовте
во проклетото.

Низ окото сјај
од скршени мисли
и солзи
сее блескот
неговиот црн коњ
сее страв
сее страв
неговата десна рака
повторно е сам.

На уздите безброј
метални ланци
на ланците безброј
метални алки
на алките гроздови
луѓе оковани.

Пред луѓето врескаат
лути гаврани
зад луѓето врескаат
лути ветрови
во луѓето врескаат
скриени.

Забранети звуци
забранети овошја
забранети мисли
брановите удираат
лица и лица
безмилосни звуци.

## Една грда солза

магла и магла...
купете дневник
една монета
за сите гласови
за една монета
господине...
госпоѓице...
вашиот чадор
е прекрасна реткост
во овој град
ве штити
од дождот
госпоѓице
тој ве штити
од сивото.
повелете дневник
бесплатно...
честат
врвиците луѓе...

## Втората грда солза

облаци и облаци
над камениот мост...
преплетени раце
преплетени очи
насекаде раце
насекаде очи.
купете си човек
земете го
бесплатно...
тој мрази
вистински
тој мрази
се...
земете го
бесплатно...
неговото одело
и чевлите
се платени...
повелете...
честат
врвиците луѓе...

## Трета грда солза

грдости и грдости
расфрлани зборови
горчливи зборови
навистина залудно
гавраните тагуваат
гавраните се црни
тивко чекорат
тивко мразат
врвиците луѓе
врвиците луѓе
нивните грди солзи
се бојат
сиво...
сивило...
насекаде
честат
врвиците луѓе...

Бели зборови
под црните јата
...
на рацете
метални трошки
за гладните птици
бедникот рони
на очите
метални солзи
за жедното сонце
бедникот рони
...
под црните јата
безмилосни звуци
бели зборови.

Гризе зимата се
и ноќи и денови
во левата рака
белата птица и пее
во левата рака
два златни прстени
во срцето
и танцува студот.

Горчлива ноќ
една капка
втора капка
крварат облаците
една капка
втора капка
трета капка
малата птица молчи
на ногата сонце
златен прстен
во срцето месец
и стои
една капка
една капка
втора капка
крварат облаците.

Пророкот вели
еден ден, некогаш
пророкот вели
проклети да сте
пророкот вели
животот е сон
...
Полињата ли горат
или црните ламји
станале
па блујат бели огнови
пророкот вели
понесете го
неопходното
...
време е за бој
ви требаат
раце, нозе
и трошки леб
пророкот вели
животот е сон.

На полињата играа
црни и
црвени ѓаволи
на вратот ѓердани
носеа
нанижани
бели черепи
на вратот ѓердани
носеа
бели огнови
сееа.

Станете рано
во ноќта се слуша
застанал саатот
за лудата душа
тик-так
тик-так
тик-так
во ноќта се слуша
бројат срećно
за лудата душа.

На рацете
ноќта легнала
во срцето
црни отрови
рацете му се
гранки сувици
нозете му се
црни корења
срцето му е
студен извор.

Сонуваат пците
за пат од коски
сонуваат пците
за пат без глад
сонуваат пците
глупавите суштества.

Збогум сонце
пролетта доаѓа
во долината
на ламјите
во долината
изворите се пенат
во изворите
блескаат солзите
во изворите
блескаат очите
збогум сонце
ламјите летаат.

Играат самовилите
заузиле
бесни гаврани
заузиле
бели робови
...
илјадници
сини очи
илјадници
црни очи.

На облаците
пловеа бродови
до нив
црни змејови
белите едра
им гореа
сонцето го
затскриваа.

Цветаат тополите
нивните цветови
сонцето го крадат
цветаат тополите
и пролетта
полудува.

Се налути сонцето
ми изгоре
три полиња
ми испи
три извора
се налути сонцето
...
донеле луѓето
бела погача
бела жртва
на бела трпеза
во бела црква
...
се насмеа сонцето
ми изгоре
уште три полиња
уште три извора.

Над облаците
месецот танцува
над месецот
ноќта спие
безброј светла
во ноќта
безброј светла
безброј звуци.

Побудалела нoќта
разбудила заспани
три змејови
три извори
се разбудиле
трите змејови
небото
го запалиле
се разбудиле
трите извори
небото
го удавиле.

Над нив
црни змејови
над нив
црни бродови
до нив
црни ѓаволи
...
силни оклопи
носеа
на глава
шарени пердуви
и копја
носеа
со глави
накитени
со крв
напиени
...
илјада гаврани
на полињата
пееа.

Го растурија небото
со отровни стрели
си играа
црни и бели јунаци
...
еден ден.

Небитен е...
начинот и сјајот...
небитен е...
денот...
насекаде...
тишина...

## Песната на малата птица

тој виде
ѕвезда во окото на
малата птица
малата птица пееше.

зла коб
и солзите навираа
тогаш
малата птица пееше.